# ЛАФ - МУАБЕТ

Силното момче Расел Кроу навистина е внимателен и чувствителен партнер, кога станува збор за неговите најблиски. Грижливиот татко вака ја искажува својата љубов кон неговата партнерка, актерката Даниеле Спенсер: "Понекогаш има посебен изглед на лицето додека зборува со мене и сакам така да ме гледа засекогаш".





"Сè уште не се измислени зборови кои се доволно големи, доволно разнобојни, доволно вистински за да ги искажат срцето и душата на оваа жена која ја сакам", вели тенисерот Андреа Агаси за сопругата Штефи Граф.

И покрај големите падови во нивната љубов, тие сепак останаа заедно. Од денешна перспектива вака Џони Дип ја искажува љубовта кон Французинката Ванеса Парадис: "Таа е како зрак на светлина, без никакви претензии. Таа е толку слатка, откачена, забавна девојка. Никогаш не сум доживеал нешто слично".



## НЕЖНИТЕ СРЦА НА ПОЗНАТИТЕ МОМЧИЊА

"Минаа веќе 22 години и јас истото го чувствувам за неа, како и еден час подоцна кога прв пат се запознавме", вака звучат импресиите и чувствата на Курт Расел, за неговата животна сопатничка, Голди Хоун.





"Вљубен сум, вљубен сум!" Вака лудо викаше Том Круз за својата избраничка Кејти Холмс. "Не можам да бидам смирен. Не можам да се повлечам. Сакам да прославам, сакам да ја прославам неа!"



Принцот Фредерик од Данска силно "ја трогна до солзи" својата невеста, принцезата Мери, кога на нивната свадба ѝ кажа: "Среќата и силата кои ми ги даваш, се како пoпладневно сонце, грее уништувајќи ја темнината и длабоко продира во земјата".

Подготвила:
**Ружица ГОЧЕВСКА**